2. СОДРЖИНА И НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА ПРИПРАВНИЧКИОТ ИСПИТ

Член 13

Приправничкиот испит се состои од:
- практична работа, односно акциско истражување или студија на случај и
- усмен испит.

Член 14

За практична работа приправникот избира конкретен проблем-тема, од содржината на програмата за полагање на приправничкиот испит и тоа најдоцна по навршувањето на четири месеци приправнички стаж.

Избраното акциско истражување или студија на случај приправникот го проучува, анализира, истражува и разработува од аспект на неговата практична применливост во непосредната работа во потесното стручно подрачје на приправникот и за него изработува соодветен стручен материјал во писмена форма во обем од најмногу десет отчукани страници.

Член 15

Стручниот материјал приправникот го изготвува во вид на есеј за избраното акциско истражување или студија на случај, со презентирани критички ставови, оценки и сопствени стручни гледања за поадекватно остварување на конкретното подрачје, во непосредната практика.

Со писмениот есеј приправникот треба да покаже познавање на проблемот, способност да го анализира и истражува проблемот по пат на примена на соодветни методи и техники на истражување, способност да се анализираат и интерпретираат добиените резултати и да се применуваат истите во функција на унапредување на дејноста во која работи.

Стручниот материјал, изготвен според одредбите на член 14 и член 15 од овој правилник, приправникот го доставува до Комисијата, заедно со пријавата за полагање на приправничкиот испит.

Член 16

Устниот испит се состои од три дела, и тоа:
- одбрана на Стручниот материјал, изготвен според одредбите на член 14 и член 15 од овој правилник,
- проверка на знаењата од областа на законско-нормативната регулатива во културата и заштитата на културното наследство и
- проверка на знаењата за прописите и одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа.

Член 17

Во рамките на првиот дел од устниот испит приправникот го образложува Стручниот материјал и одговара на прашања од Комисијата во врска со

содржинските, методолошките и други аспекти на реализираните задачи, во духот на содржината на програмата за полагање на приправничкиот испит.

Во вториот дел од испитот, на приправникот му се поставуваат прашања за проверка на општите знаења во врска со законско-нормативната регулатива и организацијата на дејноста.

3. ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРИПРАВНИЧКИОТ ИСПИТ

Член 18

По завршениот приправнички испит, од страна на Комисијата се оценува секој дел од испитот поединечно.

Испитот се смета за положен доколку кандидатот ги положил двата дела.

Приправничкиот испит се оценува со „положил" или „не положил".

По завршување на приправничкиот испит, претседателот на Комисијата во присуство на сите членови на Комисијата го известува приправникот за резултатот од полагањето на приправничкиот испит.

Член 19

На приправникот кој го положил приправничкиот испит му се издава уверение за положен испит најдоцна во рок од 15 дена од денот на полагањето на испитот кое го потпишува претседателот на Комисијата.

Уверението се издава во три примероци од кои едниот примерок му се доставува на приправникот, вториот се приложува во неговото персонално досие, а третиот се чува во архивата на Комисијата.

За издадените уверенија за положен приправнички испит во НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје се води електронска евиденција.

Член 20

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави на огласна табла во Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје.

НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје

Претседател на УО

Горан Санев

Арх.бр._____

_____2025 г. Скопје,

ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ НА ПРИПРАВНИК

Приправникот изработува акциско истражување или студија на случај поврзан со конкретен проблем на чие надминување се ангажирал во текот на приправничкиот стаж а е поврзан со непосредна работа од подолу наведените подрачја. Конкретната тема може да се однесува на едно или повеќе од долунаведените подрачја.

I. ПОДРАЧЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ИЛИ СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА ПРИПРАВНИК

-Истражување, односно прибавување на музејски материјал;
-систематизирање во збирки;
-евидентирање и документирање;
-библиографија;
-биографија на авторите;
-стручни и компаративни анализи;
-стручна и научна обработка;
-презентација на музејски предмети.

Теми за полагање на нормативниот дел од испитот

1. Меѓународни прописи (во зависност од видот на наследство).
2. Национални прописи:

- Закон за култура,
- Закон за заштита на културното наследство,
- Закон за безбедност и здравје при работа,
- Подзаконски акти за соодветните области.